Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Редни броеви до 10-от број** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Препознава редни броеви најмногу до 10-от број | Целосно ги препознава редните броеви | За да ги испита предзнаењата на учениците, наставникот поставува на таблата сликички на ученици со ранци со различна боја и флип-чарт на кој се наредени сликички на клупи. Наставникот чита приказна во која секоја слика на ученик со одредена боја на ранец треба да се смести во соодветната клупа. На пример: Ученикот со портокалов ранец да седне во првата клупа.<br>Приказната продолжува сè додека сите сликички не се наредат. Потоа учениците ги бројат клупите и ги именуваат редните броеви. | Заедничка работа<br><br>Индивидуална работа | Сликички на ученици<br><br>Флип-чарт со клупи со редни броеви | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Користи редни броеви најмногу до 10-от број | Ги користи редните броеви во секојдневни ситуации | Учениците се делат во групи. Секоја група добива материјал за работа (сликички со различни животни) и упатство која сликичка кој реден број е.<br>Откако ќе завршат, групите прават презентација и ги именуваат редните броеви на животните. | Групна работа | Сликички со различни животни<br><br>Флип-чарт | |
| 10 мин. | Применува редни броеви во секојдневната работа | Знае дека редните броеви ја означуваат позицијата на нештата | Работен лист - прилог | Индивидуална работа | Работен лист | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – заедничка работа на учениците, главна активност – групна работа со зададени насоки и активности од наставникот, завршна активност - индивидуална. | | | Може да се користат линкови<br>https://www.turtlediary.com/game/ordinal-numbers.html<br>http://toytheater.com/order/ | | Редни броеви (прв, втор, трет,...). | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра. | | | Наставни техники: бура на идеи, групен консензус, минута техника. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица: 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Брои, чита и пишува броеви до 50 | | Одделение: II | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Брои, чита и запишува броеви до 20 и назад | Знае да брои, чита и запишува броеви до 20 и назад | Усно со учениците се повторува броење до 20 и назад. Еден ученик покажува картичка со број до 20, втор ученик ја чита картичката. Играта се повторува неколку пати. | Заедничка | Картички со броеви | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Брои, чита и запишува броеви до 50 и назад | Знае да брои, чита и запишува броеви до 50 и назад | Наставникот ги објаснува броевите до 50 преку користење на табела 100 или бројна оска. Наставникот покажува некој број, учениците го именуваат и се запишува на табла. Ова се повторува за броевите до 50. Корисно е да ги затемните целите десетки (содржатели на бројот 10) на бројната оска или на паното со броеви за учениците да согледаат кога се преминува од една десетка во друга. | Заедничка, парови, индивидуална | Табела 100<br>Бројна оска | |
| 10 мин. | Брои, чита и запишува броеви до 50 и назад | Знае да брои, чита и запишува броеви до 50 и назад | Работа во работна тетратка прв дел, стр. 3 | Индивидуална | Работна тетратка | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведни активности – заедничка работа на учениците, главна активност – заедничка, парови, индивидуална работа со зададени насоки и активности од наставникот, завршна активност – индивидуална. | Употребете картички на кои се испишани броевите од 1 до 50. Секој од учениците нека избере по една картичка и нека го прочита бројот што е запишан на картичката. Потоа, можете да побарате да го кажат бројот што претходи или следува на бројот што го извлекле. | Броење до 50, низа од броеви. |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | Наставни техники: бура на идеи, техника круг. | |

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Седмица: 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Заокружува двоцифрен број до најблиска десетка | | Одделение: II | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Брои, чита и запишува броеви до 50 | Знае да брои, чита и запишува броеви до 50 | Учениците во парови користат картички со десетки и единици и составуваат броеви. Еден ученик од парот формира еден двоцифрен број, а другиот ученик го чита и запишува на лист. Вежбата се повторува неколку пати. Учениците ги менуваат улогите во парот. | Работа во парови | Картички со десетки и единици | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Заокружува двоцифрен број до најблиска десетка | Умее да заокружи двоцифрен број до најблиската десетка | Откако ќе се дијагностицира знаењето на учениците за читањето и запишувањето на броевите до 50, запишаните броеви од првата вежба со користење на табелата 100 треба да ги заокружат до најблиската десетка. Вежбата се објаснува преку пример броеви на табела 100, а потоа со помош од наставникот учениците вежбаат. | Заедничка работа<br><br>Работа во парови | Табела 100 | |
| 10 мин. | Проценува, брои и запишува броеви до 50 | Умее да процени, брои и запише броеви до 50 | Работен лист во прилог. | Индивидуална | Работен лист | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – работа во парови на учениците, главна активност – работа во парови со зададени насоки и активности од наставникот, завршна активност – индивидуална активност. | | | Може да го користат следниот линк:<br>https://www.topmarks.co.uk/flash.aspx?f=numberlinev5 | | Заокружување на броеви до најблиската десетка, Брои: брои нанапред до, брои од... до..., брои наназад, (од... до). | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи, минута техника. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица: 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Брои, чита и пишува броеви до 50 | | Одделение: II | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин. | Брои, чита и пишува броеви до 50 | Знае да брои, чита и пишува броеви до 50 | Учениците користат комплет на броеви до 50. Се поставува број, а учениците го читаат и пишуваат бројот. | Заедничка | Комплет картички до 50 | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Усно го образложува начинот на решавање и размислување | Умее усно да го образложи начинот на решавање и размислување | Користете линија со броеви за да сместите двоцифрени броеви на истата. Линијата со броеви може да биде:<br>- жица истегната долж училницата каде што учениците закачуваат броеви;<br>- лист хартија каде што учениците запишуваат броеви;<br>Учениците се делат во групи, добиваат картички со броеви и имаат задача да ги подредат по големина (почнувајќи од најмалиот или од најголемиот број). Презентација на групите и дискусија за начинот на решавање и размислување. | Работа во групи | Жица, јаже, штипки, селотејп, картички со броеви,<br>листови хартија | |
| 10 мин. | Применува практично подредување на броеви во низа | | Секој ученик добива мрежа со броеви. Нивна задача е да ги подредат броевите што недостасуваат. Користат табела 100. | Индивидуална работа | Наставен лист, молив | |

| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| Воведни активности – заедничка работа на учениците, главна активност – групна работа со зададени насоки и активности од наставникот, завршна активност – индивидуална. | | Броеви до 50, подредување, до, пред, зад... |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа | Наставни техники: бура на идеи, техника круг. | |

obrazovanie.literatura.mk